# *Кои се некои од клучните фактори поради кои Русија има успех во користење на својата „мека сила“ во Република Северна Македонија?*



Автор: *Александар Илиев*

ДЕМОКРАТСКИ
ИНСТИТУТ ЗА
ОПШТЕСТВЕНИ И
ПОЛИТИЧКИ АНАЛИЗИ
СТРУМИЦА

# Вовед

Оваа анализа ќе објасни дека клучните причини за наклонетост на граѓаните кон Русија произлегуваат од ставовите на интелектуалци на клучни позиции во образовни и научни институции, содржини во учебниците кои ја глорифицираат улогата на Русија во Втората светска војна; наклонетоста на политичката елита да поддржи промовирање на руската култура и кога е таа е во функција на државната политика на Русија; отусуството на стратешки документ кој јасно дефинирано кои земји се закана и/или предизвик за националната безбедност и прифаќањето на наративите на Панславизмот и Евроазијанизмот од страна на клучни политичари. Со таа цел, во оваа анализа ќе бидат дискутирани перцепции и ставови на граѓаните изнесени во анкети направени 2022 и 2023 година. Дополнително ќе бидат посочени руските инструменти и методи на влијанието врз граѓанскиот сектор и ќе бидат дискутирани клучните идеологиите и историските наративи користени од страна на Русија.




*График 1 се засновува на податоци на анкети на Брима Галуп и ИПИС*

*Брима Галуп, анкета направена септември и октомври 2022 година*

*ИПИС, анкета направена ноември 2022 година*

Анкетите од различни институти во втората половина на 2022 година покажуваат дека голем дел од населението во Северна Македонија има про-руски ставови и не верува дека демократијата е најдобар метод на владеење. Според истражување направено од Брима Галуп во име на Center for Insights in Survey Research, 26% од граѓаните на Република

Северна Македонија сметале дека земјата треба да е про-западна, но и да има добри односи со Русија. Истовремено, 13% сметале дека земјата треба да е про-руска, наспроти 47% кои сметаат дека државата треба да е само про-западна.[1] Околу 13% од граѓаните посакувале иднина во Евроазиска унија водена од Русија, а дури **57% сметале дека интересите на државата може да се заштитат преку одржување силна врска со Русија**. Индикативно во истражувањето е тоа што само 51% од анкетираните сметале дека демократијата е најдобра форма на владеење, 27% сметале дека има и други форми кои се подеднакво добри, а 14% сметале дека други форми на владеење се подобри од демократија. Следствено, 41% од граѓаните имале став дека постојат други форми на владеење кои се подеднакво добри или подобри од демократија. Наведените проценти покажуваат дека значителен дел од граѓаните државата посакуваат добри односи со Русија, а скоро половина од граѓаните би прифатиле форма на владеење различна од демократија.

Според истражување на Александар Спасеновски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, издадено од Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија,[2] околу 26% од граѓаните ја поддржуваат агресијата на Русија врз Украина. Понатаму, според истражувањето, дури **61.6% од граѓаните сметале дека не е оправдано воведувањето санкции кон Русија,** а 61.2% мислеле дека не е оправдано давањето помош во воена опрема на Украина. Истовремено, **околу 50% од граѓаните имале став дека војната во Украина ќе заврши со целосна победа на Русија или со отстапување на украинска територија на Русија.**[3] Овие проценти покажуваат дека граѓаните на Северна Македонија веруваат во воената сила на Русија и не се наклонети да дадат поддршка на Украина во војната.

Анкета објавена од страна на KONRAD ADENAUER STIFTUNG и Институт за демократија Социетас Цивилис-Скопје во февруари 2023 година покажува дека **51% од анкетираните граѓани на Северна Македонија сметале дека нападот на Русија на Украина е реакција**

---

[1] Brima market research team "National Poll of North Macedonia | September - October 2022," International Republican Institute, last modified May 17, 2023, https://www.iri.org/resources/national-poll-of-north-macedonia-september-october-2022/.
[2] Deutshe Welle, "Истражување: Црвено светло за францускиот предлог – DW – 19.09.2022," Dw.com, last modified September 19, 2022, https://www.dw.com/mk/istrazuvane-dlabok-pesimizam-za-vo-eu-i-crveno-svetlo-za-francuskiot-predlog/a-63171389.
[3] Александар Спесеновски, "Ставови и перцепции за војната во Украина (Анализа и истражување на јавното мислење)," KONRAD ADENAUER STIFTUNG, last modified December 2022, chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.kas.de/documents/281657/281706/Analysis+and+Survey+Attitudes+and+Perceptions+about+the+War+in+Ukraine.pdf/396772a4-2655-5f68-4f95-c149b2142fbb?version=1.0&t=1670407796993.

**на провокациите на НАТО кон Москва** кои не можеле да бидат игнорирани, а **32% би поддржале алтернатива на членство во ЕУ** како на пример Евроазиска унија предводена од Русија.[4] Интересен е фактот дека во оваа анкета само **1%** од анкетираните сметаат дека Русија е значителен донор на финансиски средства на Северна Македонија. Оваа анкета покажува дека постои наклонетост кон Русија на голем дел од популацијата, а таа наклонетост не е заснова на мислење дека Русија обезбедува финансиска помош на Северна Македонија. Оттука, може да се заклучи дека руското влијание врз широката популација не е засновано на финансиски инструменти.




*График 2 се заснова на податоци од Анкета објавена од страна на KONRAD ADENAUER STIFTUNG и Институт за демократија Социетас Цивилис-Скопје во февруари 2023*

[4] Анамарија Велиновска, KONRAD ADENAUER STIFTUNG, "Европа во криза. Последиците врз јавното мислење во Северна Македонија," Институт за демократија Социетас Цивилис-Скопје, last modified February 2023, chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/1_B5_Analiza_MKD-1.pdf.

## Субјекти во функција на руската „мека сила“

После руската агресија во 2022 година, Република Северна Македонија делува кон ограничување на руското влијание во државата. Но да се сфати дали руската „мека сила“ е ограничена треба да се знаат субјектите кои промовираат руска култура и идеологии во Северна Македонија. Под терминот „мека сила“ се подразбира способноста држава да ги оствари своите политички цели влијаејќи врз однесувањето на друга држава преку култура, вредности и надворешна политика.[5]Според Амбасадорот на Русија во Скопје, после почетокот на војната во Украина во февруари 2022 година Владата на Северна Македонија ја ограничила дипломатската комуникација и соработка со Русија, па дури и превзела непријателски чекори кон истата.[6] Во 2023 година, во Република Северна Македонија прекина делувањето на РОССОТРУДНИЧЕСТВО,[7] чин кој го преземале повеќе членки на НАТО. Русија ги има создадено организациите РОССОТРУДНИЧЕСТВО и РУСКИ МИР за промоција на руските идеи, култура и интереси надвор од Русија.[8] Дополнително од 2013 година Министерството за надворешни работи на Руската Федерација има мандат за развивање на меѓудржавна културна и хуманитарна соработка со словенските народи, а со цел да создаде позитивен имиџ за Русија. Важноста на културата како алатка за остварување политички цело ја има елаборирано **Андреј Корибко**, член на Експертскиот совет за Институтот за стратешки студии и предвидувања на Универзитетот за пријателство на народот на Русија кој објаснува дека културата е најдобриот начин да се оствари влијание во општеството и наведува дека идеологијата може да се користи како вирус што ги „заразува“ поединците со менување на нивниот политички став, и следствено, поединецот потоа активно ќе ги „шири“ своите нови идеи на другите, што ќе доведе до „политичка зараза“.[9] Руското влијание, покрај промоција на Русија е насочено и против западниот

[5] Nye, Joseph. "Soft power and higher education." In *Forum for the future of higher education (Archives)*, pp. 11-14. 2005.
[6] "Русија не се меша во внатрешните работи на Македонија," Нова Македонија, last modified February 27, 2023, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/rusija-ne-se-mesha-vo-vnatreshnite-raboti-na-makedonija/.
[7] Антропол, "Русофобијата продолжува - Соопштено за затворање на Россотрудничество во Македонија - Антропол," Антропол, last modified April 13, 2023, https://antropol.mk/2023/04/13/rusofobija-vo-makedonija-prodolzhuva/.
[8] Marcel H. Herpen, *Putin's Propaganda Machine: Soft Power and Russian Foreign Policy* (Lanham: Rowman & Littlefield Publishers, 2016), 20-22.
[9] Andrew Korybko, *Hybrid Wars: The indirect adaptive approach to regime change* (Moscow, People's Friendship University of Russia, 2015), 24.

концепт за демократија.[10] Следствено, РОССОТРУДНИЧЕСТВО е клучен дел од руската „мека сила“, но не е единствен нејзин дел, а Русија ги користи културата и идеологии за остварување на целите на својата надворешна политика. Активностите на руски државни институции поврзани со уметност, историја, образование и религија треба да се гледаат низ призмата на надворешната политика, затоа што Русија системски ги поставила на таков начин.




Слика 1
Настан по повод Ден на Русија, јуни 2023 година, на кој Амбасадорот на Руската Федерација во Скопје, Сергеј Баздникин, **нагласил дека Руската Православна Црква прва го признала томосот за автокефалност на Македонската Православна Црква-ОА, даден од Српската Православна Црква**

Прекинот на работа на РОССОТРУДНИЧЕСТВО нема значајно да влијае врз капацитетот на Русија да делува со „мека сила“ кон Македонија. Русија веќе има постигнато високо ниво на поврзаност со интелектуалци, како и со образовни и научни институции. На пример, во истражување на професор **Мирјана Најчевска**[11], се посочува дека во Северна Македонија има изградено сложена мрежа на руско влијание преку наука, образование и култура. Како примери кои го докажуваат заклучокот се посочени проруски ставови на Претседателот на Македонската Академија на Науки и Уметности, **Љупчо Коцарев** и изјави на поранешен ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Притоа, **Најчевска** посочува дека

[10] Andrew Monaghan, *The new politics of Russia: Interpreting change* (Manchester: Manchester University Press, 2017), 81.
[11] Мирјана Најчевска, "The Russian Scientific, Educational and Cultural Cobweb in North Macedonia," Meta.mk | Новинска Агенција, last modified August 8, 2022, https://meta.mk/en/the-russian-scientific-educational-and-cultural-cobweb-in-north-macedonia/.

нивните проруски изјави биле пренесувани од медиуми како mkd.mk, novamakedonija.com.mk, denesen.mk, kanal5.com.mk и други медиуми. Дополнително **Најчевска** дискутира и за состојбата со формираниот Руски Културен Центар во рамка на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје[12], чии задачи се нагласување на **панславистичката идеологија**, како и истражувањата за **историја** фокусирани за покажување на врската помеѓу Македонија и Русија за периодот од Првата светска војна до 1944 година. Клучно е да се напомене дека Центарот формиран во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје е создаден од организацијата РУСКИ МИР (РУСКИ СВЕТ), која пак има за цел **формирање про-руско оптштествено мислење**, дисеминација на знаење за Русија, создавање систем на експертска поддршка за хуманитарната димензија на руската надворешна политика, поддршка на медиуми на руски јазик, поддршка на руски веб-страници создадени надвор од Русија, интеракција со Руската Православна Црква и промоција на рускиот јазик и култура. Може да се заклучи дека **државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје интегрирал дел кој директно служи на интересите на руската надворешна политика**.




*Слика 2, превземена од facebook профилот на* ***Зоран Јовановски***

[12] Емил Ниами, "Русија за мене значи многу," Russia Beyond Македонија, last modified 10, 2016, https://mk.rbth.com/politics/2016/05/25/rusija-za-mene-znachi-mnogu_597105.

Во претходно посочената анализа на **Најчевска,** посочени се проруски ставови и на други истакнати професори како **Билјана Ванковска**[13] и **Тања Каракамишева**, но всушност многу повеќе универзитетски професори јавно застапуваат проруски ставови. На пример во Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип, познати такви лица се професорот **д-р Трајче Стојанов**[14] и вонредниот професор **д-р Димитар Апасиев**[15]**.** Понатаму, Меѓународниот Славјански Универзитет во Свети Николе всушност е **испостава на Меѓународниот Славјански Институт од Москва**.[16] Ова покажува дека во високото образование во Северна Македонија има значајно руско влијание кое станало структурно, а можеби и доминантно.

Длабокото влијание во образованието може да се согледа и од учебниците кои се користат во основно, средно и високо образование. На длабока и долготрајна проруска настроеност во сферата на науката и образованието укажува истражувањето на Здружението МОСТ, од 2021 година во кое се анализира присуство на проруски ставови во учебниците по историја во Македонија од 1945 до 2021 година, а при што е заклучено:

*Иако СФР Југославија не беше дел од Варшавскиот пакт и не беше под советско влијание после 1948 година,* ***сепак таа беше социјалистичка земја, и ова може да се смета како еден од факторите кои придонесуваат за континуираното присуство на руските наративи за Втората светска војна во поранешната држава, па оттаму и во Северна Македонија***.[17]

Анализата на Здружението МОСТ вклучува проучување на учебниците кои се користат во **основно и средно образование** и во него се истакнува дека учебниците по историја во континуитет вклучуваат лажни и/или изманипулирани наративи за улогата на Русија во Втората светска војна. Меѓутоа, учебници напишани од руски историчари се користат и во **високото образование** во периодот од 1945 година до денес. На пример историјата на

[13] Билјана Ванковска, "Кон Втора Студена војна?," Russia Beyond Македонија, last modified 10, 2016, https://mk.rbth.com/blogovi/2014/04/16/kon_vtora_studena_vojna_3
[14] Igor Ampov, "Професор на УГД стана почесен професор на еден од најдобрите приватни универзитети во Русија," УГД - Факултет за образовни науки, accessed June 25, 2023, https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/59-ugd-profesor-stana-pocesen-profesor-na-privaten-univerzitet-vo-rusija.
[15] Nikola Popovski, "Крмов, Апасиев и Стоилковиќ гласаа против Декларацијата за руската агресија врз Украина," Локално, last modified March 3, 2022, https://lokalno.mk/krmov-apasiev-i-stoilkovik-glasaa-protiv-deklaratsijata-za-ruskata-agresija-vrz-ukraina/.
[16] "Акредитации," Меѓународен Славјански Универзитет, last modified December 2, 2021, https://msu.edu.mk/za-univerzitetot/akreditacii/.
[17] Росана Алексовска, "РУСКИТЕ НАРАТИВИ ЗА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА," F2N2, accessed June 25, 2023, https://f2n2.mk/ruskite-narativi-za-vtorata-svetska-vojna-vo-uchebnicite-po-istorija-vo-severna-makedonija.

Стариот свет се учи од книга на **Михаил Иванович Ростовцев**, руски историчар, историјата на Рим се изучува од книга на советскиот историчар **Николај Александрович Машкин**, историјата на Стара Грција се изучува од книга на **В.В Струве и П. Калистов** издадена 1951 година во Белград. Понатаму, историјата на Средниот век се изучува од книга на **Д. А, Скаскин**, Источното прашање се учи од книга на **Фјодор Успенски**, руски и советски византолог и славофил, а историја на дипломатијата се изучува од книга на **Владимир Петрович Потемкин**, советски политичар и историчар.[18] Руски автори и литература од поранешната СФРЈ и Србија претставуваат многу голем дел од препорачаната основна литература на Институтот по историја при Филозофски факултет, Скопје. Интригантно е тоа што такви книги се основна литература во државен факултет на земја членка на НАТО. Наведената состојба со сигурност ќе продуцира нови генерации граѓани на Северна Македонија кои ќе ги прифатат руските историски наративи и ќе имаат поглед на Светот и меѓународниот поредок формиран од истите.

Русија влијае во областа на образованието и науката и преку стипендирање лица од Северна Македонија за студирање во Русија. На тој начин се создаваат долготрајни врски помеѓу млади интелектуалци од двете земји, но дел од таквите студенти може да станат и алатка на руската политика. Некои од овие студенти студираат уметности и по нивно враќање имаат многу успешни кариери, како на пример оперскиот пејач **Дарко Тодоровски.**







*Слика 3, превземено од facebook профил на **Оливер Спасовски***

*Слика 4, превземено од kumanovoews.mk*

[18] "Основна литература по предметите на студиската програма по Историја на прв циклус студии," accessed June 25, 2023, https://docplayer.net/60691129-Osnovna-literatura-po-predmetite-na-studiskata-programa-po-istorija-na-prv-ciklus-studii.html.

Друг руски стипедист со истото име, **Дарко Тодоровски**, има поинтригантна кариера. Според истражувачкиот новинар **Христо Грозев,** рускиот стипендист од Северна Македонија, **Дарко Тодоровски,** е лице кое давало суми во висина од 150 до 300 евра на новинари во Бугарија да објавуваат про-руски текстови.[19] Оваа изјава на **Грозев** иницирала краткотраен интерес на новинари од Северна Македонија, при што **Дарко Тодоровски** ги демантирал изјавите на **Христо Грозев**.[20] Меѓутоа, факт е дека **Дарко Тодоровски** е дел од тимот на balkanist.ru, заедно со **Леонид Решетников**[21], поранешен раководител на руското надворешно разузнавање, како и со **Николај Малинов**[22], бугарски политичар кој е на црната листа на САД и кој е обвинет за шпионажа за Русија. Да се биде во ист тим со такви лица е малку веројатно да е случајност, а тоа пак укажува дека сомневањата на **Христо Грозев** не треба да се отфрлат.






*Слика 5 и 6 се преземени од страната balkanist.ru*

[19] "Christo Grozev: For 150 Euros Bulgarian Media Published Propaganda Articles for the Russian Intelligence," Novinite.com - Sofia News Agency, Bulgarian News in English, EU, World, accessed June 17, 2023, https://www.novinite.com/articles/218333/Christo+Grozev%3A+For+1

[20] "За грст копејки или бујна фантазија - руската пропаганда во Бугарија преку Македонија," Радио Слободна Европа, last modified January 9, 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B7%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D1%81%D1%82-%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D0%B5%D1%98%D0%BA%D0%B8-%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D0%B1%D1%83%D1%98%D0%BD%D0%B0-%D1%84%D0%B0%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D

[21] "RESHETNIKOV Leonid Petrovich - Biography, Dossier, Assets | War and Sanctions," Головна база даних про санкції накладені через напад росії | Війна і санкції, accessed June 18, 2023, https://sanctions.nazk.gov.ua/en/sanction-person/24062/.

[22] "Започва делото срещу обвинения в шпионаж Николай Малинов," BTV Новините, last modified September 28, 2021, https://btvnovinite.bg/bulgaria/zapochva-deloto-sreshtu-obvinenija-v-shpionazh-nikolaj-malinov.html.


[ ПОДМОСКОВЬЕ СЕГОДНЯ

**Bulgarian journalist: Donbass must restore its borders by 2014**

POLICY • February 24, 2022 15:32

Вконтакте | Telegram

Photo: [ PolitExpert / Anastasia Alekseeva ]

The special correspondent of the Bulgarian publication "Pogled" Darko Todorovski believes that Russia has nothing left after the recognition of the republics of Donbass, how to show strength to Ukraine. About this writes the publication "PolitExpert" .

A journalist from Bulgaria expresses confidence that "Ukraine will not dare to shoot at the

*Слика 7, преземена од руска интернет страница ПОДМОСКОВьЕ СЕГОДНЯ*

**Дарко Тодоровски на првиот ден од војната во Украина имал објавено текст во руски медиум при што бил претставен како бугарски новинар и кореспондент** на публикација ПОГЛЕД (pogled.info). Оваа интернет страница, според истражување на бугарската новинарка и аналитичар, **Ралица Ковачева** е една од клучните за ширење лажни вести и дезинформации во Бугарија.

*Извор factcheck.bg* [23]

**Дарко Тодоровски** ја застапува во целост политичката позиција на Русија во однос на војната во Украина, а негови текстови на македонски јазик се објавуваат од страна на интернет медиуми како antropol.mk (поврзан со политичката партија **Левица**), pogled,info, freeglobe.mk (поврзан со политичката партија **Родина**) dudinka.org (на новинарот **Миленко Неделковски**), delcevo356.mk, kolozeg.info, infomax.mk, macedoniantimes.com и други. Дополнително, **Тодоровски** го уредува порталот citaj.mk и е еден од двајцата соработници на станицата bregalnicki.mk, која пак е уредувана од **Кирчо Анастасов,** поврзан со партијата ВМРО ДПМНЕ. Интересно е што самиот **Тодоровски** бил активист на СДСМ, а и сега покажува наклонетост кон комунистички лидери од историјата. Соработката помеѓу **Тодоровски** и **Анастасов** покажува дека руското влијание **не треба да се гледа преку призма на партиска припадност.**

[23] Ралица Ковачева, "Поглед.инфо” откъм Кремъл," factcheck.bg, last modified May 3, 2022, https://factcheck.bg/pogled-info-otkam-kremal/.





*Слика 8 и 9 се превземени од facebook профил на **Дарко Тодоровски,** а на кои се гледа **Дарко Тодоровски** во маица со ликовите не **Че Гевара** и **Фидел Кастро** и со партиско знаме на СДСМ*



*Слика 10, превземена од facebook профил на **Гоце Марков** (втор од лево), колумнист соработник во bregalnicki.mk во која е колумнист соработник е и **Дарко Тодоровски***

Страниците кои ги пренесуваат статиите на **Дарко Тодоровски** покажуваат дека тој е дел од многу раширена мрежа на влијание. Интересно е тоа што **Ледонид Решетников** кој е во ист тим **со Тодороски** во **balkanist.ru** е дел од тинк-тенкот **Катехон.** За овој тинк-тенк имаат пишувано повеќе познати лица од Македонија. На пример **Катехон**, објавувувал тесктови на новинарот **Миленко Неделковски**, новинарот **Светозар Томиќ**, поранешната директорка на Институт за геостратешки истражувања и надворешна политика при

Министерството за надворешни работи и сегашна потпретседателка на партијата Единствена Македонија, **Емилија Гелева,** како и новинарката **Мирка Велиновска.**[24] За **Катехон** текстови поврзани со Македонија пишувал и рускиот аналитичар **Андреј Корибко**[25]**,** чии ставови се објавувани од infomax.mk, freeglobe.mk, kolozeg.info, т.е. истите портали кои го објавуваат и **Дарко Тодоровски.**

Поврзаност помеѓу Русија и Северна Македонија постои и поради многубројни државјани кои имаат руско потекло. После Првата Светска Војна на територијата на денешна Северна Македонија се колонизирани илјадници противници на комунизмот од Руската империја, а дел од тие руски колонисти одиграле значајни улоги во Кралството на Србите Хрватите и Словенците/Кралство Југославија. На пример, дел од овие лица биле архитекти кои учествувале во изградба на познати објекти како Офицерскиот дом во Скопје[26], Народниот театар во Скопје[27], Соколски дом во Куманово[28] и други објекти кои оставиле видлива трага и врз денешниот изглед на градовите во Северна Македонија. Некои од потомците на колонизираните Руси имале и имаат значајни позиции во државата. На пример **Владимир Пивоваров**, Национален координатор за гранично управување, е потомок на колонизиран руски офицер.[29] Еден од лицата кои имале влијание врз историјата која се изучува во Македонија е д-р **Владимир Алексеевич Мошин**, историчар, руски емигрант од Петроград и поранешен вработен во Државниот архив на Македонија. Логично е наследниците на овие мигранти да се емотивно врзани со Руската империја и руското империјално минато.

Постои и нова руска емиграција која има влијание врз јавното мислење. На пример, **Сергеј Самсоненко,** руски бизнисмен кој е сеуште актуелен поради повторната изградба на Офицерскиот дом во Скопје, кој бил изграден за војската на Кралство Југославија и проктиран од **Василиј Федорович Баумгартен,** архитект од Русија. Со повторната

---

[24] accessed June 25, 2023, https://katehon.com/en/about-us.
[25] Админ, "АНДРЕЈ РОДИОНОВ: НА МАКЕДОНИЈА И Е МЕСТО ВО ЕКОНОМСКИ И ВОЕН СОЈУЗ СО БРАТСКА РУСИЈА(ВИДЕО)," СЛОБОДЕН СВЕТ, last modified May 1, 2021, https://freeglobe.mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D1%80%D0%B5%D1%98-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%B2-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D0%B5-%D0%BC%D0%B5%D1%81%D1%82/.
[26] "Офицерски Дом – Скопје / Вилијам Баумгартен 1925-29 – МАРХ," МАРХ – Македонска Архитектура, accessed June 23, 2023, https://marh.mk/oficerski-dom-skopje-vilijam-baumgarten-1925-29/.
[27] “Македонски народен театар – Скопје / 1921-27 – МАРХ," МАРХ – Македонска Архитектура, accessed June 23, 2023, https://marh.mk/makedonski-naroden-teatar-skopje-1921-27/.
[28] "85 години од изградба на Соколана," KumanovoNews, last modified 1005, https://www.kumanovonews.mk/retrospektivi/85-godini-od-izgradba-na-sokolana.
[29] Desk4, "ИНТЕРВЈУ со Пивоваров: Авганистанските бегалци нема да останат во нашата земја," Локално, last modified September 4, 2021, https://lokalno.mk/intervju-so-pivovarov-avganistanskite-begaltsi-nema-da-ostanat-vo-nashata-zemja/.

изградба на овој објект, несомнено во центарот на Скопје ќе има симбол на поврзаност на Скопје со Рускиот народ. Понатаму, дел од новите руски мигранти е и **Викторија Лоба**, поп-пејачка, која меѓу друго стана позната со песната „Волку Волку“ и реклама во која се популаризираше имицот на моторџија со натпис „Волци“.[30] Тоа остава впечаток дека можна цел на така смислените песна и реклама било популаризирање на про-руското друштво „Ноќни волци“. Од една страна, е легитимно лицата кои имаат руско етничко потекло да негуваат позитивни емоции кон Русија и да се залагаат за градење добри односи помеѓу двете нации. Од друга страна, логично е да постои сомнеж дека во одредена мерка, дел од наведните активности се поврзани со напорите на руски државни институции за создавање позитивен имиџ за Русија остварување влијание врз граѓанскиот сектор.

Фактор за успехот на руско влијание е склоноста за соработка од страна на дел од општините во Република Северна Македонија. Во последните десетина години, во повеќе општини се обновени и/или изградени нови руски споменици. Во Битола е обновен/повторно изграден споменик во чест на **Александар Ростоковски**[31], во Општина Центар, Скопје е изграден спомен-обележје со кој се велича **Црвената армија**[32], во општина Кисела Вода е изградено спомен-обележје на **Александар Сергеевич Пушкин**[33], а во општините Струмица и Карпош се поставени спомен-обележја на **Јуриј Гагарин**.[34] [35] Важно е тоа што овие споменици имаат своја политичка функција. На пример, споменикот „**Руски крст**“ во Битола се користи да се прикаже дека рускиот дипломат **Александар Ростоковски** бил заштитник на христијаните во Османлиската империја и да се нагласи врската помеѓу **Ростоковски** и **Крсте Петков Мисирков**.[36] На тој начин се прикажува

---

[30] Миодраг Мишолиќ, "Волку, волку, неколку прашања и толку - Уреднички избор - Ringeraja.mk," Кога помислувате на семејство - Ringeraja.mk, accessed June 25, 2023, https://www.ringeraja.mk/statija/volku-volku-nekolku-prashanja-i-tolku_1493.html.

[31] "Додека во Крушево се раѓала Републиката, во Битола убиен рускиот конзул," Нова Македонија, last modified August 4, 2021, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/%D0%B4%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BA%D1%80%D1%83%D1%88%D0%B5%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5-%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BB%D0%B0-%D1%80%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%

[32] "Руската амбасада донира спомен-обележје во Општина Центар за Денот на победата над фашизмот," Meta.mk | Новинска Агенција, last modified May 13, 2020, https://meta.mk/ruskata-ambasada-donira-spomen-obelezhje-vo-opshtina-czentar-za-denot-na-pobedata-nad-fashizmot/.

[33] "Општина Кисела Вода и Амбасадата на Руската Федерација одбележаа 220 години од раѓањето на Пушкин," Општина Кисела Вода, accessed June 23, 2023, https://www.kiselavoda.gov.mk/index.php/naslovna/9-novosti/2409-220.

[34] "СПОМЕНИК НА ЈУРИЈ ГАГАРИН, НАСЕЛБА КАПИШТЕЦ," Културна Урбана Меморија, accessed June 17, 2023, https://www.kum.mk/kultura/spomenik-gagarin.html.

[35] "Во Струмица се чествуваше споменот за Јуриј Гагарин – Струмица," Струмица – Ваш Секојдневен Портал, accessed June 17, 2023, https://strumi.ca/vo-strumica-se-chestvuvashe-spomenot-za-juruj-gagarin/.

[36] "Ростковски беше убиен - Мисирков се спаси со лежење - Вечер," Вечер, last modified February 2, 2007, https://vecer.mk/uncategorized/%D1%80%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0

слика различна од фактичката, бидејќи во 1903 официјалната дипломатска кореспонденција на Русија[37] покажува дека истата давала поддршка на Турција за побрзо задушување на Илинденското востание со воени средства и не давала поддршка на востанието. Контроверзен е и споменикот подигнат во општина Центар, бидејќи истиот е посветен на Црвената армија која според напишаниот текст на истиот ги ослободила европските народи. Црвената армија воопшто немала единици кои се бореле за ослободување на Македонија, поради што е нелогично поставување таков споменик во Скопје. Дополнително, според резолуција на Европската Унија (ЕУ) комунизмот наметнат во Европа од Црвената Армија не се смета за ослободување туку за еден од најтешките периоди за земјите кои се нашле под советска контрола и комунистичка тоталитарна власт.[38] **Следствено, во Скопје се поставил споменик кој промовира спротивен историски наратив од оној на ЕУ. Истовремено,** додека во Северна Македонија се поставувале нови руски споменици, **во Полска биле отстранети 80% од советските споменици,**[39] а од 2022 година советски/руски споменици биле отстранувани во повеќе членки на НАТО и ЕУ.[40] Претходно истакнатите примери покажуваат дека повеќе општини во државата овозможиле поставувањето спомен-обележја кои се користат за промовирање наративи кои служат на политичките интереси на Русија.

---

%BA%D0%B8-%D0%B1%D0%B5%D1%88%D0%B5-%D1%83%D0%B1%D0%B8%D0%B5%D0%BD-%D0%BC%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%BA%D0%BE%D0%B2-%D1%81%D0%B5-%D1%81%D0%BF%D0%B0/.

[37] Архива на Руската Империја, ф. Канцеларија, оп. 470, 1903г., д. 110, л.80

[38] "JOINT MOTION FOR A RESOLUTION on the Importance of European Remembrance for the Future of Europe | RC-B9-0097/2019/REV1 | European Parliament," European Parliament, last modified 2019, https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/RC-9-2019-0097_EN.html.

[39] "Poland Tore Down over 80% of Monuments to Soviet Liberators, Notes Russian Envoy," TASS, last modified April 27, 2021, https://tass.com/politics/1283475.

[40] "Soviet Monuments Come Down Across Europe," RadioFreeEurope/RadioLiberty, last modified April 27, 2022, https://www.rferl.org/a/soviet-monument-destroyed-war-ukraine-russia/31823629.html.




*Слика 10, Спомен обележје, поклон од Амбасадата на Руската Федерација, поставен во општина Центар, Скопје, 2020 година*

Значаен фактор за наклонетост кон Русија е и присуство на лица во безбедносниот сектор кои отворено застапуваат анти-западни и про-руски ставови и/или поддржуваат соработка со руски образовни институции. Таков пример е претседателот на репрезентативниот синдикат на вработените во одбраната, **Ванчо Исајов**, кој е на оваа позиција и после влезот на државата во НАТО, а кој на социјалните мрежи објавува содржини кои недовосмислено покажуваат наклонетост кон Русија во однос на војната во Украина.







*Слика 11 и 12 се превземени од facebook профилот на* ***Ванчо Исајов,*** *претседател на Независниот Синдикат на Одбраната кој е репрезентативен синдикат и користи простории во МО на Република Северна Македонија, Скопје*

Понатаму, синдикатите на вработените во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за одбрана[41] на Република Северна Македонија имаат потпишано меморандуми за соработка со Меѓународниот Славјански Факултет во Свети Николе, со што вработените во овие две клучни министерства за националната безбедност добиваат олеснувања за школување во овој руски универзитет. Дополнително, Меѓународниот Славјански Универзитет е прифатен партнер за соработка од страна на Воената Академија „Михајло Апостолски“, Скопје.[42] Значајно е и тоа што **ниту една јавно достапна стратегија на Република Северна Македонија, посветена на националната одбрана и безбедност, не ја посочува Русија како закана и/или предизвик за интересите на државата.** Таквата состојба создава перцепција дека безбедносните структури на државата не ја перципираат Русија како земја која претставува закана за националната безбедност и

[41] Stefanija Pavlovska, "Потпишан договор за соработка со Независен синдикат на одбраната," Меѓународен Славјански Универзитет, last modified October 25, 2021, https://msu.edu.mk/potpishan-dogovor-za-sorabotka-so-nezavisen-sindikat-na-odbranata/.
[42] Михаела Ѓорчева, "Се одржа онлајн конференцијата Cybersecurity in the Balkans (online Conference)," Меѓународен Славјански Универзитет, last modified October 4, 2021, https://msu.edu.mk/se-odrzha-onlajn-konferentsijata-cybersecurity-in-the-balkans-online-conference/.

дека е прифатливо јавно застапување про-руски ставови од страна на припадниците на безбедносните сили и нивните синдикати.

## Идеолошка основа на руската „мека сила“

Русија воспоставува идеолошка врска со граѓаните на Северна Македонија преку промовирање на Русија како главен заштитник на православието. Врската на Русија со христијанството започнала со Киевска Русија, држава која го додала православното Христијанство како витален елемент на руската државност. Значајно за Македонија е тоа што преобраќањето во христијанството на Русите било резултат на сојузот меѓу Киевска Русија и Римската (Византиска) Империја во 10 век, инициран од поразот на римскиот император Василиј II од Самуил во 986 година.[43] Дополнително, клучен период кој го направил рускиот државен идентитет поврзан со православието и Римската империја е периодот на рускиот владетел Иван III. Тој се оженил со византиска принцеза и бил првиот руски владетел што ја користел титулата „цар“, словенска верзија на титулата „цезар“. Врз основа на тој брак и титулата „цар“, Русија почнала да користи византиски/римски симболи како што е двоглавиот орел.[44] Така, во XV век се појавила идејата за Русија како светска сила и за Москва како центар на православното христијанство.




*Слика 13* ***Константин Малофеев,*** *руски олигарх која ја пропагира идејата дека Русија е заштитник на Христијанството и е наследник на Римската империја, а Москва е трет Рим*

[43] Joan M. Hussey, *The Orthodox Church in the Byzantine Empire* (New York: Oxford University Press, 2010), 100.
[44] Ibid, 17.

По создавањето мит дека Русија е наследник на Рим и центар на православното Христијанство, следна идеологија која имала влијание врз државната политика на Русија е Панславизмот. Зачетокот на Панславизмот е на Балканот во 16-ти век, кога **Винко Прибојевиќ** ја напишал книгата „За потеклото и славата на Словените“ во која **Прибојевиќ** тврди дека античките Македонци, Траки и Илири биле Словени.[45] Оваа книга била инспирација за **Мавро Орбини**, хроничар од Рагуза (Дубровник) кој ја напишал книгата „Кралството на Словените“. Книгата на **Орбини** била преведена и објавена во Русија 1722 година со поддршка на рускиот цар **Петар Велики**. Оваа книга придонела за раѓање на идејата за Панславизамот во Русија кој имал за цел да даде легитимитет на Русија како европска држава и да овозможи ширење на Руската империја. Во 2014 година претседателот **Ѓорѓе Иванов** како дел од свој говор во Москва, **тврди дека античките Македонци зборувале словенски јазик, засновано на книгата на Орбини**.[46] Оттука, за Северна Македонија делата на првите панслависти се важни бидејќи тие вклучуваат дискусија за потеклото на Словените.

Панславизмот станал многу дискутирана идеологија во 19-ти век кога во Русија имало две спротивставени теории за идеолошката основа на државата и правецот во кој треба да се развива општеството. Од една страна биле прозападните Руски интелектуалци кои сакале Русија да се развива по идеолошка линија заедно со земјите од Западна Европа.[47] На другата страна биле славофилите како **Алексеј Комјанов** според кој Европа е доминирана од безвредни културни трендови како рационализам, егоизам и материјализам.[48] Панславистот **Николај Данилевски** сметал дека словенската култура е формирана од православното христијанство и е во судир со римско-германската култура, која според него била индивидуалистичка и егоцентрична.[49] На тој начин покрај функцијата раст на руското влијание и раст на територијата на Империјата, Панславизмот добил и антизападна идеолошка компонента.

После Октомвриската револуција во 1917 година, Русија ги сменила идеолошките наративи

---

[45] Ivo Banac, *The National Question in Yugoslavia: Origins, History, Politics* (Ithaca: Cornell University Press, 2015), 71.
[46] RFE/RL, "Иванов: Московјаните зборувале како древните македонци - словенски," Радио Слободна Европа, last modified February 10, 2014, https://www.slobodnaevropa.mk/amp/25259087.html.
[47] Iver B. Neumann, *Russia and the Idea of Europe: A Study in Identity and International Relations* (London: Routledge, 2013), 35.
[48] Neumann, *Russia and the Idea of Europe*, 33.
[49] George C. Guins, “The Politics of Pan-Slavism” The American Journal of Economics and Sociology 8, no. 2 (1949):126.

и официјална идеологија станал комунизмот. За Русија клучен момент од историјата на СССР е Втората Светска Војна (Татковинската војна). Русија посебно го нагласува својот наратив дека била клучна за победата над нацизмот и ослободувањето на Европа. Во овој период клучен настан за Македонија е признавањето на македонска нација од Коминтерната 1934 година.[50] Додека за време на Советскиот сојуз, клучна идеолошка алатка била солидарноста на пролетаријатот, после распадот на СССР и падот на комунизмот била потребна нова идеологија која ќе обезбеди идеолошка основа на надворешната политика на Русија.[51] **Андреј П. Циганков,** руски и американски политиколог, професор на Универзитетот во Сан Франциско, САД, по потекло од Русија, наведува дека историската конструкција на руската чест се променила, од одбрана на православното христијанство во 19 век, до одбрана на комунизмот во советскиот период, додека во моментов, таа ја брани руската цивилизација.[52] Признавањето на македонската нација од Коминтерната и победата над нацизмот создаваат моќни наративи за влијание врз граѓанското општество во Северна Македонија, прикажувајќи ја Русија како заштитник на идентитетот и заштитник од нацизмот и фашизмот.

После пропаста на комунизмот новата идеологија која станала влијателна во Русија е нео-евроазијанизамот,. Оваа идеологија, се заснова на евроазиското движење од 20-ти век кое било создадено од руската елита која ја напуштила Русија после Октомвриската револуција и која го обвинувала Западот за тешкотиите со кои се соочувала Русија меѓу двете светски војни.[53] Според евроазијанистите, идејата за единство на Евроазија е најдобриот противотров за национализмот и космополитизмот на Европа, како и за претераниот централизам и регионален сепаратизам во Русија.[54] Всушност, евроазијанизмот е идеологија која имала за цел да создаде основа за постоење на голема руска држава после евентуален пад на комунизмот. Следствено, после падот на комунизмот, нео-евроазијанистите се една

[50] Иван Катарџиев, "Резолуција на коментерната од 1934 и макединскиот национален индивидуалитет," Здружение на историчарите на Република Македонија, accessed June 23, 2023, chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.zirm.mk/wp-content/uploads/2022/02/IST-1980.2.07.-Katardziev-I.-Rezolucijata-na-Kominternata-od-1934-godina-i-makedonskiot-nacionalen-individualitet.pdf.
[51] David E. McNabb, *Vladimir Putin and Russia's Imperial Revival* (London: Routledge, 2017), 40.
[52] Andrei P. Tsygankov, *Russia and the West from Alexander to Putin: Honor in International Relations* (Cambridge: Cambridge University Press, 2012), 33-7.
[53] Nicholas V. Riasanovsky, "Prince Trubetskoy’s Europe and Mankind," *Jahrbücher für Geschichte Osteuropas* 12 (1964): 207-220.
[54] Andrey V. Ivanova , Irina V. Fotievab , Michail Yu. Shishinc and Sofja M. Belokurova, "The Ethno-Cultural Concept of Classical Eurasianism," International Journal of Environmental & Science Education 11, no. 12 (2016): 5155-5163. https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1115581.pdf (accessed January 26, 2022).

од највлијателните групи во Русија.

Евроазијанистите го дефинираат рускиот идентитет како идентитет кој не е европски, кој е близок со Истокот и кој ги вклучува идентитетот на туркменските народи и Исламот.[55] Тие сметаат дека либерализмот со порнографијата, феминизмот, хомосексуализмот и модата за психоанализа се наметнати од Западот.[56] Во однос на Балканот, евроазијанистите имаат за цел обединување на истиот со политичкиот простор на Русија.




Слика 14, превземено од freeglobe.mk[57]

Оваа идеја има свои приврзаници и во високо образовните институции и во политиката. На пример професорот **Трајче Стојанов**, во своја статија за руски медиум поставува реторичко прашање „Зарем вистински обединетата Европа, не би требало да биде обединета ЕвроАзија!“.[58] Евроазиските идеи и/или идејата за политичка регионализија со земји од Истокот застапуваат повеќе политички лидери во Северна Македонија. На пример такви

---

55 Marlène Laruelle, *Russian Eurasianism: An Ideology of Empire* (Johns Hopkins University Press, 2012), 145.
56 Laruelle, *Russian Eurasianism*, 134.
57 Админ, "МАНИФЕСТ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ "РУСОВ" ИЛИ ЗА ШТО НИЕ СЕ БОРИМЕ," СЛОБОДЕН СВЕТ, last modified July 4, 2021, https://freeglobe.mk/%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%84%D0%B5%D1%81%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%B4%D0%B2%D0%B8%D0%B6%D0%B5%D1%9A%D0%B5-%D1%80%D1%83/.
58 Трајче Стојанов, "Пансловенски сојуз со главен град – Цариград," Russia Beyond Македонија, last modified 10, 2016, https://mk.rbth.com/blogovi/2013/10/18/panslovenski_sojuz_so_glaven_grad_carigrad_27379.

ставови имаат лидерот на партијата ГРОМ, **Стевче Јакимовски**, лидерот на Демократската Партија на Србите во Македонија, **Иван Стоиљковиќ**[59], лидерот на Левица, **Димитар Апасиев**[60] и лидерот на Единствена Македонија, **Јанко Бачев**[61]. Некои партии како партијата Родина директно соработуваат со припадници на руски вооружените сили или паравоени формации како во случајот со русинот **Андреј Родионов**[62], а Единствена Македонија соработувала со еден од најпознатите евроазијанисти, рускиот политолог **Александар Дугин**[63].



*Слика 8 **Андреј Родионов** (втор од десно) како гостин на Родина*

[59] "Јакимовски и Стоиљковиќ во Москва се сретнаа со соработници на Путин," Фокус, last modified July 21, 2017, https://fokus.mk/asdjakimovski-i-stoilkovik-na-sredba-vo-moskva-so-sorabotnitsi-na-putin/.
[60] "Нема Евроазиска економска унија, туку милитантен руски империјализам," Независен Весник, last modified June 20, 2022, https://nezavisen.mk/nema-evroaziska-ekonomska-unija-tuku-militanten-ruski-imperijalizam/.
[61] Жарко Трајановски, МЕТА, "Пропагандистот Дугин, сатанизацијата на Западот и апологијата на рускиот империјализам," FRONTLINE, last modified March 24, 2022, https://frontline.mk/2022/03/24/propagandistot-dugin-satanizaci-ata-na-zapadot-i-apologi-ata-na-ruskiot-imperi-alizam/.
[62] 360степени, "Ф2Н2: Рускиот пропагандист Родионов на 6 ноември пристигнал во земјава," 360 степени, last modified November 14, 2020, https://360stepeni.mk/f2n2-ruskiot-propagandist-rodionov-na-6-noemvri-pristignal-vo-zemjava/.
[63] Кица Колбе, "„Руската врска“ на бојкотирачката десница во Македонија – DW – 27.09.2018," Dw.com, last modified September 27, 2018, https://www.dw.com/mk/%D1%80%D1%83%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B1%D0%BE%D1%98%D0%BA%D0%BE%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-45654663.



*Слика 9* ***Андреј Родионов*** *(во средина) како припадник на руска воена формација во Украина*

Дополнително, важно е да се има во предвид дека анкетите покажуваат наклонетост на над 30% од граѓаните за политичка интеграција на земјата во Евроазиска унија предводена од Русија. Следствено евроазијанизмот е идеја која не само што има политички партии и интелектуалци кои ја промовираат, туку има потенцијал да добие значителна политичка поддршка кај гласачкото тело во Северна Македонија.

## Заклучок

Влијанието на Русија врз граѓанското општество во Северна Македонија е комплексно, раширено и долготрајно за што има повеќе фактори кои го овозможуваат. Литературата која се користи во основното, средно и високо образование, како и проруската наклонетост на значителен дел од академската фела се клучните фактори граѓанството да има позитивна перцепција за Русија и нејзината улога во историјата. Следствено, тоа создава наклонетост кај значаен дел од популацијата, политичарите и припадниците на безбедносниот сектор, а тоа пак креира поволни услови за функционирање на РОССОТРДУДНИЧЕСТВО и РУСКИ МИР како инструменти на руската „мека сила“. Клучна ранливост на Северна Македонија е и недостатокот на прецизна ориентација на надворешна безбедносната политика, што остава простор Русија да се перцепира од голем дел од граѓаните како пријателска држава. Дополнително, за јакнење на имицот на Русија клучен е митот за Русија како спасител на Европа од нацизмот. Важно е и тоа што Русија успеала да создаде нова генерација про-

руски интелектуалци кои се школувале во Русија и кои се активни во промовирање на руската култура, руските геополитички идеи и наративи во Северна Македоија. Руски мигранти и/или потомците на руски мигранти ја збогатуваат и прават уште посилна врската меѓу Северна Македонија и Русија. Сето претходно овозможило создавање мрежи од индивидуи, институции и организации кои може да делуваат синхронизирано за ширење руски идеологии и историски наративи за постигнување на политички цели на Русија.

Значајно за Северна Македонија е што руските идеологии како панславизмот и евроазијанизмот се во основа антизападни. Следствено, нивното ширење ќе придонесе за суштински поделби и конфронтација во процесот на трансформација на општеството во демократија која треба да се интегрира во ЕУ. Панславизмот има потенцијал да се стави во функција на дискусија за идентитетски прашања, а евроазијанизмот и православието се релевантни за прашања поврзани со индивидуални права и општествени односи. Затоа, руското влијание со сигурност ќе придонесе за зголемување на нивото на поделби и конфронтации во Северна Македонија, како во однос надворешната политика на земјата туку и во врска со вредносниот систем на општеството. Поделбите на општеството по наведените прашања ќе е клучната ранливост која ќе обезбеди руско влијание преку користење „мека сила“.

# Извори


Accessed June 23, 2023. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/1_B5_Analiza_MKD-1.pdf.

Accessed June 25, 2023. https://katehon.com/en/about-us.

360степени. "Ф2Н2: Рускиот пропагандист Родионов на 6 ноември пристигнал во земјава." 360 степени. Last modified November 14, 2020. https://360stepeni.mk/f2n2-ruskiot-propagandist-rodionov-na-6-noemvri-pristignal-vo-zemjava/.

"85 години од изградба на Соколана." KumanovoNews. Last modified 1005. https://www.kumanovonews.mk/retrospektivi/85-godini-od-izgradba-na-sokolana.

Ampov, Igor. "Професор на УГД стана почесен професор на еден од најдобрите приватни универзитети во Русија." УГД - Факултет за образовни науки. Accessed June 25, 2023. https://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/59-ugd-profesor-stana-pocesen-profesor-na-privaten-univerzitet-vo-rusija.

Banac, Ivo. *The National Question in Yugoslavia: Origins, History, Politics*. Ithaca: Cornell University Press, 2015.

Brima market research firm. "NATIONAL POLL OF NORTH MACEDONIA September-October 2022." Center for Insights in Survey Research. Last modified 2022. https://file:///C:/Users/iliev/Downloads/North-Macedonia_October-2022_Poll_Updated-5.17.23.pdf.

"Christo Grozev: For 150 Euros Bulgarian Media Published Propaganda Articles for the Russian Intelligence." Novinite.com - Sofia News Agency, Bulgarian News in English, EU, World. Accessed June 17, 2023. https://www.novinite.com/articles/218333/Christo+Grozev%3A+For+150+Euros+Bulgarian+Media+published+Propaganda+Articles+for+the+Russian+Intelligence.

Desk4. "ИНТЕРВЈУ со Пивоваров: Авганистанските бегалци нема да останат во нашата земја." Локално. Last modified September 4, 2021. https://lokalno.mk/intervju-so-pivovarov-avganistanskite-begaltsi-nema-da-ostanat-vo-nashata-zemja/.

Deutshe Welle. "Истражување: Црвено светло за францускиот предлог – DW – 19.09.2022." Dw.com. Last modified September 19, 2022. https://www.dw.com/mk/istrazuvane-dlabok-pesimizam-za-vo-eu-i-crveno-svetlo-za-francuskiot-predlog/a-63171389.

Ermin. "Протест против протерувањето на рускиот дипломат." CivilMedia. Last modified March 27, 2018. https://civilmedia.mk/protst-protiv-protruvato-na-ruskiot-diplomat/.

Guins, George C. "The Politics of 'Pan-Slavism'." *American Journal of Economics and Sociology* 8, no. 2 (1949), 125-132. doi:10.1111/j.1536-7150.1949.tb00742.x.

Herpen, Marcel H. *Putin's Propaganda Machine: Soft Power and Russian Foreign Policy*. Lanham: Rowman & Littlefield Publishers, 2016.

International Republican Institute. "National Poll Of North Macedonia | September - October 2022." International Republican Institute. Last modified May 17, 2023. https://www.iri.org/resources/national-poll-of-north-macedonia-september-october-2022/.

"JOINT MOTION FOR A RESOLUTION on the Importance of European Remembrance for the Future of Europe | RC-B9-0097/2019/REV1 | European Parliament." European Parliament. Last modified 2019. https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/RC-9-2019-0097_EN.html.

Laruelle, Marlène. *Russian Eurasianism: An Ideology of Empire*. Woodrow Wilson Center Press, 2008.

Monaghan, Andrew. *The new politics of Russia: Interpreting change*. Manchester: Manchester University Press, 2017.

Neumann, Iver B. *Russia and the Idea of Europe: A Study in Identity and International Relations*. Oxfordshire: Taylor & Francis, 2016.

Pavlovska, Stefanija. "Потпишан договор за соработка со Независен синдикат на одбраната." Меѓународен Славјански Универзитет. Last modified October 25, 2021. https://msu.edu.mk/potpishan-dogovor-za-sorabotka-so-nezavisen-sindikat-na-odbranata/.

"Poland Tore Down over 80% of Monuments to Soviet Liberators, Notes Russian Envoy." TASS. Last modified April 27, 2021. https://tass.com/politics/1283475.

Popovski, Nikola. "Крмов, Апасиев и Стоилковиќ гласаа против Декларацијата за руската агресија врз Украина." Локално. Last modified March 3, 2022. https://lokalno.mk/krmov-apasiev-i-stoilkovik-glasaa-protiv-deklaratsijata-za-ruskata-agresija-vrz-ukraina/.

Redeakcija. "РОДИНСКИ РАЗГОВОРИ, 23.06.2023 (петок), 21:30." Родина Македонија. Last modified 23, 2023. https://rodina.org.mk/%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80%d0%b8-23-06-2023/.

"RESHETNIKOV Leonid Petrovich - Biography, Dossier, Assets | War and Sanctions." Головна база даних про санкції накладені через напад росії | Війна і санкції. Accessed June 18, 2023. https://sanctions.nazk.gov.ua/en/sanction-person/24062/.

RFE/RL. "Иванов: Московјаните зборувале како древните македонци - словенски." Радио Слободна Европа. Last modified February 10, 2014. https://www.slobodnaevropa.mk/amp/25259087.html.

"Soviet Monuments Come Down Across Europe." RadioFreeEurope/RadioLiberty. Last modified April 27, 2022. https://www.rferl.org/a/soviet-monument-destroyed-war-ukraine-russia/31823629.html.

Super User. "Општина Кисела Вода и Амбасадата на Руската Федерација одбележаа 220 години од раѓањето на Пушкин." Општина Кисела Вода. Accessed June 23, 2023. https://www.kiselavoda.gov.mk/index.php/naslovna/9-novosti/2409-220.

Админ. "АНДРЕЈ РОДИОНОВ: НА МАКЕДОНИЈА И Е МЕСТО ВО ЕКОНОМСКИ И ВОЕН СОЈУЗ СО БРАТСКА РУСИЈА(ВИДЕО)." СЛОБОДЕН СВЕТ. Last modified May 1, 2021. https://freeglobe.mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D1%80%D0%B5%D1%98-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%B2-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D0%B5-%D0%BC%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%BE-%D0%B2%D0%BE-%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B8-%D0%B2%D0%BE%D0%B5%D0%BD/.

Админ. "МАНИФЕСТ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ "РУСОВ" ИЛИ ЗА ШТО НИЕ СЕ БОРИМЕ." СЛОБОДЕН СВЕТ. Last modified July 4, 2021. https://freeglobe.mk/%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%84%D0%B5%D1%81%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%B4%D0%B2%D0%B8%D0%B6%D0%B5%D1%9A%D0%B5-%D1%80%D1%83/.

"Акредитации." Меѓународен Славјански Универзитет. Last modified December 2, 2021. https://msu.edu.mk/za-univerzitetot/akreditacii/.

Алексовска, Росана. "РУСКИТЕ НАРАТИВИ ЗА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА." F2N2. Accessed June 25, 2023. https://f2n2.mk/ruskite-narativi-za-vtorata-svetska-vojna-vo-uchebnicite-po-istorija-vo-severna-makedonija.

Антропол. "Русофобијата продолжува - Соопштено за затворање на Россотрудничество во Македонија - Антропол." Антропол. Last modified April 13, 2023. https://antropol.mk/2023/04/13/rusofobija-vo-makedonija-prodolzhuva/.

Ванковска, Билјана. "Кон Втора Студена војна?" Russia Beyond Македонија. Last modified 10, 2016. https://mk.rbth.com/blogovi/2014/04/16/kon_vtora_studena_vojna_32683.

Ванковска, Билјана. "Пансловенска унија во 21 век?" Russia Beyond Македонија. Last modified 10, 2016. https://mk.rbth.com/blogovi/2013/03/19/panslovenska_unija_vo_21_vek_19553.

Велиновска, Анамарија. "Европа во криза. Последиците врз јавното мислење во Северна Македонија." Институт за демократија Социетас Цивилис-Скопје. Last modified February 2023. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/1_B5_Analiza_MKD-1.pdf.

"Во Струмица се чествуваше споменот за Јуриј Гагарин – Струмица." Струмица – Ваш Секојдневен Портал. Accessed June 17, 2023. https://strumi.ca/vo-strumica-se-chestvuvashe-spomenot-za-juruj-gagarin/.

"Додека во Крушево се раѓала Републиката, во Битола убиен рускиот конзул." Нова Македонија. Last modified August 4, 2021. https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/%D0%B4%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BA%D1%80%D1%83%D1%88%D0%B5%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5-%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BB%D0%B0-%D1%80%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0/.

"Дугин и Савин – Политичка извидница на Путин во Македонија." Радио Слободна Европа. Last modified March 5, 2018. https://www.slobodnaevropa.mk/a/29079672.html.

"За грст копејки или бујна фантазија - руската пропаганда во Бугарија преку Македонија." Радио Слободна Европа. Last modified January 9, 2023. https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%B7%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D1%81%D1%82-%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D0%B5%D1%98%D0%BA%D0%B8-%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D0%B1%D1%83%D1%98%D0%BD%D0%B0-%D1%84%D0%B0%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0---%D1%80%D1%83%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BF%D0%B0%D0%B3%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B1%D1%83%D0%B3%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%83-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/32215750.html.

"Започва делото срещу обвинения в шпионаж Николай Малинов." BTV Новините. Last modified September 28, 2021. https://btvnovinite.bg/bulgaria/zapochva-deloto-sreshtu-obvinenija-v-shpionazh-nikolaj-malinov.html.

Катарџиев, Иван. "Резолуција на коментерната од 1934 и макединскиот национален индивидуалитет." Здружение на историчарите на Република Македонија. Accessed June 23, 2023. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.zirm.mk/wp-content/uploads/2022/02/IST-1980.2.07.-Katardziev-I.-Rezolucijata-na-Kominternata-od-1934-godina-i-makedonskiot-nacionalen-individualitet.pdf.

Ковачева, Ралица. "Поглед.инфо" откъм Кремъл." factcheck.bg. Last modified May 3, 2022. https://factcheck.bg/pogled-info-otkam-kremal/.

Колбе, Кица. "„Руската врска“ на бојкотирачката десница во Македонија – DW – 27.09.2018." Dw.com. Last modified September 27, 2018. https://www.dw.com/mk/%D1%80%D1%83%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B1%D0%BE%D1%98%D0%BA%D0%BE%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B4%D0%B5%D1%81%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-45654663.

"Македонски народен театар – Скопје / 1921-27 – МАРХ." МАРХ – Македонска Архитектура. Accessed June 23, 2023. https://marh.mk/makedonski-naroden-teatar-skopje-1921-27/.

Мишолиќ, Миодраг. "Волку, волку, неколку прашања и толку - Уреднички избор - Ringeraja.mk." Кога помислувате на семејство - Ringeraja.mk. Accessed June 25, 2023. https://www.ringeraja.mk/statija/volku-volku-nekolku-prashanja-i-tolku_1493.html.

Најчевска, Мирјана. "The Russian Scientific, Educational and Cultural Cobweb in North Macedonia." Meta.mk | Новинска Агенција. Last modified August 8, 2022. https://meta.mk/en/the-russian-scientific-educational-and-cultural-cobweb-in-north-macedonia/.

"Нема Евроазиска економска унија, туку милитантен руски империјализам." Независен Весник. Last modified June 20, 2022. https://nezavisen.mk/nema-evroaziska-ekonomska-unija-tuku-militanten-ruski-imperijalizam/.

Ниами, Емил. "Русија за мене значи многу." Russia Beyond Македонија. Last modified 10, 2016. https://mk.rbth.com/politics/2016/05/25/rusija-za-mene-znachi-mnogu_597105.

"Ноќни волци - Путиновите мисионери на мотори." Радио Слободна Европа. Last modified April 24, 2018. https://www.slobodnaevropa.mk/a/29188855.html.

"Основна литература по предметите на студиската програма по Историја на прв циклус студии." Enjoy Free Comfortable Tools to Publish, Exchange, and Share Any Kind of Documents Online!. Accessed June 25, 2023. https://docplayer.net/60691129-Osnovna-literatura-po-predmetite-na-studiskata-programa-po-istorija-na-prv-ciklus-studii.html.

"Офицерски Дом – Скопје / Вилијам Баумгартен 1925-29 – МАРХ." МАРХ – Македонска АРХитектура. Accessed June 23, 2023. https://marh.mk/oficerski-dom-skopje-vilijam-baumgarten-1925-29/.

"Ростковски беше убиен - Мисирков се спаси со лежење - Вечер." Вечер. Last modified February 2, 2007. https://vecer.mk/uncategorized/%D1%80%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B1%D0%B5%D1%88%D0%B5-%D1%83%D0%B1%D0%B8%D0%B5%D0%BD-%D0%BC%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%BA%D0%BE%D0%B2-%D1%81%D0%B5-%D1%81%D0%BF%D0%B0/.

"Русија не се меша во внатрешните работи на Македонија." Нова Македонија. Last modified February 27, 2023. https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/rusija-ne-se-mesha-vo-vnatreshnite-raboti-na-makedonija/.

"Руската амбасада донира спомен-обележје во Општина Центар за Денот на победата над фашизмот." Meta.mk | Новинска Агенција. Last modified May 13, 2020. https://meta.mk/ruskata-ambasada-donira-spomen-obelezhje-vo-opshtina-czentar-za-denot-na-pobedata-nad-fashizmot/.

Спасеновски, Александар. "Ставови и перцепции за војната во Украина (Анализа и истражување на јавното мислење)." KONRAD ADENAUER STIFTUNG. Last modified December 2022. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.kas.de/documents/281657/281706/Analysis+and+Survey+Attitudes+and+Perceptions+about+the+War+in+Ukraine.pdf/396772a4-2655-5f68-4f95-c149b2142fbb?version=1.0&t=1670407796993.

"СПОМЕНИК НА ЈУРИЈ ГАГАРИН, НАСЕЛБА КАПИШТЕЦ." Културна Урбана Меморија. Accessed June 17, 2023. https://www.kum.mk/kultura/spomenik-gagarin.html.

Стојанов, Трајче. "Пансловенски сојуз со главен град – Цариград." Russia Beyond Македонија. Last modified 10, 2016. https://mk.rbth.com/blogovi/2013/10/18/panslovenski_sojuz_so_glaven_grad_carigrad_27379.

"ФОТО: Наместо да слави, Македонија денес тагува!!!" Zase.mk. Accessed June 18, 2023. https://zase.mk/articles/181042/foto-namesto-da-slavi-makedonija-denes-taguva.

Ѓорчева, Михаела. "Се одржа онлајн конференцијата Cybersecurity in the Balkans (online Conference)." Меѓународен Славјански Универзитет. Last modified October 4, 2021.

https://msu.edu.mk/se-odrzha-onlajn-konferentsijata-cybersecurity-in-the-balkans-online-conference/.

"Јакимовски и Стоиљковиќ во Москва се сретнаа со соработници на Путин." Фокус. Last modified July 21, 2017. https://fokus.mk/asdjakimovski-i-stoilkovik-na-sredba-vo-moskva-so-sorabotnitsi-na-putin/.